Врз согласност со чл.384,385,387,388,388-а од Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/2004; бр.25/2007; бр.42/2010; бр.61/16) и чл.25 од Статутот на Акционерското друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук Фруктал Мак -Скопје, ул.5 бр.41, с.Моране, Управниот одбор објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за свикување на седница на годишно собрание на ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ**

Се известуваат акционерите на друштвото дека седницата на собранието на акционери ќе се одржи на ден 30.05.2024 година со почеток во 11,00 часот, во просториите на Фруктал Мак АД Скопје, со седиште во с.Моране,ул.5 бр.41, Скопје.

За собранието на Акционерското друштво се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

**Процедурален дел:**

1.Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;

2.Утврдување на кворум за работа;

3.Избор на Претседавач на Собранието;

**Работен дел:**

4.Усвојување на записникот од собранието на Акционери одржано на ден 22.12.2023 година;

5.Разгледување на извештајот на Претседателот на УО за работата на друштвото за 2023 година;

6.Извештај за економско финансиската ревизија на друштвото за 2023 година изготвен од страна на овластен ревизор;

7.Разгледување и усвојување на годишната сметка за 2023 година со извештајот за работењето на друштвото за 2023 година;

8.Одобрување на работата на Надзорниот и Управниот одбор за 2023 година;

9.Избор на членови на Надзорен одбор на Фруктал Мак АД Скопје

10. Назначување на овластен ревизор.

Акционерите треба да го пријават своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание со писмена пријава за учество во седиштето на друштвото

Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието со полномошно дадено во писмена форма и заверено на нотар.

Акционер може да овласти свој полномошник и со полномошно дадено во писмена форма кое не е заверено на нотар ,при што акционерот кој го издал полномошното треба веднаш писмено да го извести друштвото за даденото полномошно кое треба да биде приложено кон пријавата за учество.Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Ако полномошното не содржи ограничувања или налог полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој го дал полномошното.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Акционерите кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да предложат дополнување на дневниот ред со вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собрание кое е веќе свикано, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка, како и да предлагаат одлуки и да поставуваат прашања до друштвото за точките на дневниот ред

Барањето за вклучување точки во дневниот ред на собранието кое што е свикано, предлагањето одлуки и поставувањето прашања се доставува до свикувачот на собранието во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.

Увид во материјалите од дневниот ред акционерите можат да извршат 15 дена пред одржувањето на собранието, во просториите на друштвото во Скопје, с.Моране, од 08,00-16,00 часот како и на интернет страната на друштвото www.fructal.com.mk. на која се објавени и сите информации согласно чл.388-б од Законот за трговски друштва.

**Претседател на управен одбор**

**Зоран Ѓуриќ**

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје, Собранието на акционери на седницата одржана на ден 30.05.2024  година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за усвојување на записникот од седницата на собранието на акционери на ФРУКТАЛ МАК АД Скоје

чл.1

Се усвојува записникот од седницата на собранието на акционери на АД ФРУКТАЛ МАК Скопје одржана на ден 22.12.2023 година.

чл.2

Записникот од седницата на Собранието на Акционери на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје одржана на ден 22.12.2023 година е составен дел на оваа одлука.

чл.3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

______________________

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје,Собранието на акционери на седницата одржана на 30.05.2024 година ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**

за одобрување на ревидираните годишни финансиски извештаи на

ФРУКТАЛ МАК АД Скопје

чл.1

Се усвојуваат ревидираните годишни финансиски извештаи за 2023 година на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје изготвени од Друштво за ревизиски, консалтинг и даночни услуги ДИЛОИТ ДОО Скопје.

чл.2

Ревидираните годишни финансиски извештаи се составен дел на оваа одлука.

чл.3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

______________________

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје,Собранието на акционери на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за одобрување на годишната сметка на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје

за 2023 година

чл.1

Се одобрува Годишната сметка на АД ФРУКТАЛ МАК Скопје за 2023 година според следниве биланси:

1.Биланс на состојба на ден 31.12.2023 г.

2.Биланс на успех на 31.12.2023 г.

чл.2

Се утврдува нето добивка во деловната 2023 година од 15.924.671 ,00 денари.

чл.3

Нето добивката од деловната 2023 година од 15.924.671,00 денари се распоредува за покривање на загубите од претходните години.

чл.4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

______________________

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје,Собранието на акционери на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за одобрување извештајот за работењето на членовите на Надзорниот Одбор на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје

чл.1

Се одобрува извештајот за работењето на Надзорниот одбор во 2023 година во целост и тоа :

- за работењето на Горан Медиќ од Република Словенија, ул.Горишка цеста 027 Б, Ајдовшчина -член и претседател на Надзорен одбор;

-за работењето на Ана Радун-Џуровиќ од Република Србија, ул.Народног Фронта 021Б, Нови Сад -член на Надзорен одбор и

- за работењето на Бојан Оро од Република Србија, ул.Каплара Момчила Гавриќа бр.008, Белград - член на Надзорен одбор.

чл.2

Извештајот за работењето на Надзорниот одбор за 2023 година е составен дел на оваа одлука.

чл.3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

_______________________

# ИЗВЕШТАЈ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА 2023 ГОДИНА

Надзорниот одбор на Фруктал Мак АД Скопје во 2023 година работеше во следниот состав:

-Горан Медиќ член на НО и претседател на НО;

-Ана Радун Цуровиќ член на НО и

-Бојан Оро член на НО.

Во согласност со Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото Надзорниот одбор во 2023 година вршеше надзор над работењето на друштвото во текот на 2023 година. НО врши надзор и на работењето во тековната 2024 година.

Во 2023 година Друштвото продолжи со мерките за рационализација и штедење и при тоа оствари вкупен приход од 407.469.488,00 денари ,што е намалување за 27% во однос на минатата година.

Друштвото се уште се соочува со проблем со ликвидноста поради повеќегодишното работење со загуби и огромниот долг спрема матичното друштво.

Во 2023 година произведени се вкупно 10.900.832 л сокови и 204.545 кг каши.

Од продажбата на готови производи остварен е приход од 389.296.088,00 денари.

Од продажба на полупроизводи остварен е приход од 9.546.571,00 денари.

Од други деловни приходи остварен е приход од 7.404.660,00 денари.

Финансиските приходи во 2023 година изнесуваат 1.222.169,00 денари.

Друштвото заклучно со 31.12.2023 година има остварено нето добивка од 15.924.671,00 денари што е намалување од 38% во однос на минатата година.

Нето добивката ќе се искористи за покривање на загубите од минатите години.

Во 2023 година Надзорниот одбор одржа 5 седници на кои ги вршеше следниве активности:

-на седницата одржана на 28.02.2023 година донесе Одлука за избор за уште еден мандат на членот на УО Марјан Хриб , на кого му истече претходниот мандат.

-на седницата одржана на 24.04.2023 година ги разгледа неревидираните финансиски извештаи за 2022 година и Извештајот на УО за работењето на друштвото во 2022 година

-на седницата одржана на 03.05.2023 година донесе Одлука за исплата на бонус на Претседателот на Управниот одбор на Фруктал Мак во износ од 454.609,00 денари

-на седницата одржана на 09.05.2023 година, го разгледа извештајот за извршена ревизија и ревидираните финансиски извештаи за 2022 година.

НО немаше забелешки на ревизорскиот извештај, па согласно тоа го потврди усвоеното од седницата одржана на 24.04.2023 година на која го прифати Извештајот на Управниот одбор за работењето на друштвото ФРУКТАЛ МАК АД Скопје за 2022 година со предложената содржина.

- на седницата одржана на 20.12.2023 година Надзорниот одбор за уште еден мандат во траење од 4 години го избра Зоран Ѓуриќ за член и го именува за претседател на УО на Фруктал Мак АД Скопје.

Надзорниот одбор на својата седница одржана на 23.04.2024 година ги разгледа ревидираните финансиски извештаи за 2023 година. Заклучи дека ревидираните финансиски извештаи ја покажуваат реалната слика на финансиската состојба на друштвото на ден 31.12.2023 година и го прифати извештајот на Управниот одбор за работата на друштвото за 2023 година со предложената содржина

Надзорен одбор:

Горан Медиќ________________

Ана Радун Џуровиќ____________

Бојан Оро______________________

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје,Собранието на акционери на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за одобрување извештајот за работењето на членовите на Управниот Одбор на ФРУКТАЛ МАК АД Скоје

чл.1

Се одобрува извештајот за работењето на Управниот одбор во 2023 година во целост и тоа :

- за работењето на Претседателот на управен одбор Зоран Ѓуриќ од Србија, ул.Коперникова бр.055 Нови Сад ;

-за членот на Управниот одбор на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје Марјан Хриб од Скопје,ул. Коста Новаковиќ бр.22/2-6 и

-за членот на Управниот одбор Јасминка Петрова од Скопје ул.Б.Деспотовски -Шовељ бр.1.

чл.2

Извештајот за работењето на претседателот и членовите на Управниот одбор за 2023 година е составен дел на оваа одлука.

чл.3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

______________________

ФРУКТАЛ МАК
Акционерско друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук
Бр. 02-04/II 22.04.2024 год.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ ВО 2023 ГОДИНА

Управниот одбор на Фруктал Мак АД Скопје во 2023 година беше во состав:
-Зоран Ѓуриќ- претседател на Управниот одбор
-Марјан Хриб -член на Управниот одбор и
-Јасминка Петрова -член на Управниот одбор

Управниот одбор во текот на 2023 година работеше во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Статутот на друштвото и останатите позитивни законски прописи и општите акти на друштвото.

Во 2023 година Управниот одбор одржа 13 седници на кои ги превзема следниве активности:

-Донесе Одлуки за зголемување на платите на дел од вработените и за исплата на бонуси
-Донесе Одлука за разгледување на годишната сметка и поднесе Извештај за работењето и резултатите на друштвото за 2022 година
-Донесе Одлука за свикување на Годишно собрание на акционери
-Донесе Одлука за расход на полупроизводи-концентрат од јаболко во вкупна вредност од 610.601,24 денари
-Донесе Одлука за промена на актот за систематизација и усвои пречистен текст на актот за систематизација
-Донесе Одлука за измена на составот на HACCAP тимот за развој и промена на HACCAP систем
-Донесе Одлука за согласност за потпишување гаранција за обезбедување на акцизен долг од 1.239.000,00 денари
-Донесе Одлука за свикување собрание на акционери заради донесување Одлука за одобрување на зделки со заинтересирана страна
-Донесе Одлука за исплати на јубилејна награда на вработените
-Донесуваше и Одлуки кои се однесуваат на тековното работење и
-Одлуки за спроведување на годишен попис за 2023 година, вршеше и други работи утврдени со Закон и со статутот на друштвото.

Управен одбор:
Претседател на Управен одбор
Зоран Ѓуриќ
-----------------------------------
Член на Управен одбор
Марјан Хриб
-----------------------------------
Член на Управен одбор
Јасминка Петрова
-----------------------------------

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје, Собранието на акционери на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за избор на членови на Надзорен одбор

чл.1

Поради завршување на мандатот на членовите на Надзорниот одбор на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје, ГОРАН МЕДИЌ И АНА РАДУН ЏУРОВИЌ, за членови на Надзорниот одбор на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје за мандат во траење од по 4 (четири) години повторно се избираат лицата:

ГОРАН МЕДИЌ од Република Словенија, ул.Горишка цеста 027Б, Ајдовшчина , со пасош бр.ПБ1370733, издаден од МВР на Република Словенија и

АНА РАДУН ЏУРОВИЌ од Република Србија , ул.Народног Фронта 021Б Нови Сад со пасош бр. 018077485, издаден од МВР на Република Србија.

чл.2

Се овластува лицето Зоран Ѓуриќ -претседател на Управниот одбор на Фруктал Мак АД Скопје да поднесе пријава за промена на адресните податоци и на броевите на пасошите на членовите на Надзорен одбор на Фруктал Мак АД Скопје Горан Медиќ од Република Словенија и Ана Радун Џуровиќ од Република Србија, во Централниот регистар на РСМ.

чл.3

Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

собрание на акционери:

Претседавач _______________

Согласно чл.344 од Законот за трговски друштва ФРУКТАЛ МАК АД Скопје ги објавува следните :

Податоци за предложениот кандидат за член на Надзорен одбор на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје:

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ: АНА РАДУН ЏУРОВИЌ

ДАТУМ И МЕСТО НА РАЃАЊЕ : 29.11.1983 во Белград, Србија

ОБРАЗОВАНИЕ:магистер по економија

РАБОТНО ИСКУСТВО: 20 ГОДИНИ. Од 2004 година до 2008 година заменик извршен директор за администрација и финансии во Нектар ДОО Србија, од 2008 до 2009 вработена во Радун Пропертис, од 2009 до 2021 во заменик извршен директор за администрација и финансии во Нектар ДОО Србија и од 2022 до денес Генерален директор на Југоинспект ДОО Нови Сад

ЧЛЕН НА ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ: Управител на Фондација Нектар није свеједно од 2019 до денес, била Директор на Центрокотекс доо Белград , од 2022 до денес Генерален директор на Југоинспект ДОО Нови Сад

ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР: Во Хеба ДОО ,Србија и во Фруктал Мак АД Скопје

БРОЈ НА АКЦИИ ВО ДРУШТВОТО: Нема

БРОЈ НА АКЦИИ ВО ДРУГО ДРУШТВА: Нема

ОБВРСКИ И ЗАЕМИ СПРЕМА ДРУШТВОТО: Нема

Скопје,24.04.2024 година

Согласно чл.344 од Законот за трговски друштва ФРУКТАЛ МАК АД Скопје ги објавува следните :

Податоци за предложениот кандидат за член на Надзорен одбор на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје:

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ: ГОРАН МЕДИЌ

ДАТУМ И МЕСТО НА РАЃАЊЕ : 19.08.1981 во Глина,Хрватска

ОБРАЗОВАНИЕ:магистер по спортски маркетинг и менаџмент

РАБОТНО ИСКУСТВО: 24 ГОДИНИ.Во 2000 и 2001 година вработен како менаџер за малопродажба во Хендлкоенинг Австрија, од 2000 до 2005 година директор на малопородажба во Мега Трејд Србија, од 2005 до 2012 година директор на сектор во ИМТ Груп ДОО Белград, Србија, од 2012 до 2014 година. и од 2014 до денес работи како директор на Фруктал ДОО Ајдовшчина.

Бил избран за потпретседател на управата на Фруктал ДОО во 2012 година, Словенија.

Од 2014 до денес работи како директор на Фруктал ДОО Ајдовшчина.

ЧЛЕН НА ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ од 2000 до 2005 година директор на малопородажба во Мега Трејд Србија, од 2005 до 2012 година директор на сектор во ИМТ Груп ДОО Белград, Србија, од 2012 до 2014 година. Од 2014 до денес работи како директор на Фруктал ДОО Ајдовшчина.

ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР: Член на Надзорен одбор на Слопак ДОО Словенија и Фруктал Мак АД Скопје

ВАЖНИ ФУНКЦИИ ВО ДРУГИ ДРУШТВА:Претседател на Друштвото БАСС (словенечко-српско деловно друштво)

БРОЈ НА АКЦИИ ВО ДРУШТВОТО: НЕМА

БРОЈ НА АКЦИИ ВО ДРУГО ДРУШТВА: НЕМА

ОБВРСКИ И ЗАЕМИ СПРЕМА ДРУШТВОТО: НЕМА

Скопје,24.04.2024 година

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје,Собранието на акционери на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за избор на овластено ревизорско друштво за 2024 година

чл.1

Се назначува Друштво за ревизиски, консалтинг и даночни услуги ДИЛОИТ ДОО Скопје да изврши економско-финансиска ревизија на финансиските извештаи на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје за 2024 година.

чл.2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

______________________